Хабитат Македонија, афилијација на Habitat for Humanity International, објавува

ПОКАНА

за пријавување на семејства за дополнително вклучување во Програмата за нови домови во Велес

Хабитат Македонија ги повикува заинтересираните граѓани да се пријават за дополнително вклучување во Програмата за нови домови во Велес.

Оваа покана се однесува на избор на 1 (едно) семејство. Програмата има на располагање 1 (еден) претходно користен стан од 56 м2 во објект во населбата Хабитат во Велес кој е предаден во употреба во 2013 година.

Документите: Образец за пријавување, Податоци за носителот на пријавата, Изјава за веродостојност на податоците, Услови на финансирање, како и Упатство за дополнително вклучување во програмата можат да се подигнат на веб страницата www.habitat.org.mk или во канцеларијата на Хабитат Македонија во Велес (ул. Невена Георгиева Дуња бр. 4А, стан број 1, приземје), во периодот од 10 до 20 јули 2020 година, секој работен ден од 09.00 до 15.00 часот.

Рокот за доставување на документите е најдоцна до 24 јули 2020 година до 16.00 часот. Документите се доставуваат во канцеларијата на Хабитат Македонија во Велес, или по пошта во канцеларијата на Хабитат Македонија во Скопје (ул. Никола Парапунов 41, комплекс Макотекс 1 кат, П. ФАХ 407, 1000 Скопје). Во предвид ќе бидат земени само документите кои се доставени во посочениот рок.

Заинтересираните семејства може да извршат увид во состојбата на станот со претходна телефонска најава. Контакт телефон: канцеларија Велес 075 868138, канцеларија Скопје 02 3061890.

Здружението за хумано домување Хабитат Македонија е организација чија основна цел е елиминирање на супстандардното домување во Македонија преку обезбедување едноставни, пристојни и достапни домови за семејства со ниски примања. Активностите на Хабитат Македонија вклучуваат изградба, финансирање, застапување, јакнење на капацитетите на целната група и развој на заедниците.